Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-68/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] од 12.01.2024 година.

## Образложение

На 12.01.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-68/1 од 12.01.2024 година , со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. Точка 9: Информација по претставка УПП 16-387 од 08.11.2023 година – Област 6 – Управа од ЗАПИСНИК од триста триесет и седмата редовна седница на Инспекцискиот совет, одржана на 27.12.2023 година .
2. Претставка, архивирана во Инспекцискиот совет на ден 07.11.2023 година со бр. 16- 387/2023.
3. Предложената соодветна постапка од страна на надлежниот член на Советот, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот на инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр.102\2019 ) согласно точка 2 (два) од Точка 9 : Информација по претставка УПП 16-387 од 08.11.2023 година – Област 6 – Управа од ЗАПИСНИК од триста триесет и седмата редовна седница на Инспекцискиот совет, одржана на 27.12.2023 година.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted].

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, Точка 9: Информација по претставка УПП 16-387 од 08.11.2023 година – Област 6 – Управа;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Претставка, архивирана во Инспекцискиот совет на ден 07.11.2023 година со бр. 16- 387/2023;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектор за спорт за сторен дисциплински престап бр. 16-36/1 од 04.01.2024 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата со прилог одговор (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор